ОПШТИНА БИТОЛА

Бр.08-946/1 од 20.09.2024год.

Врз основа на член 60 став 1 алинеа 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 67 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/2005, 17/2008, 8/19, 14/20 и 19/20), член 24 од Законот за архивски материјал („Службен весник на РМ” бр.95/12, 41/14, 72/15, 148/15, 169/15, 53/16, 11/18), член 30 од Упатството за начинот и техниката на постапување со архивскиот и документарниот материјал во канцелариското и архивското работење („Службен весник на РМ” бр.99/14) и член 32 од Уредбата за канцелариско и архивско работење („Службен весник на РМ” бр.1/14), Општина Битола објавува

**ЈАВЕН ПОВИК БР. 1/2024**
**за избор на правно лице за преземање и поништување на документиран материјал од Општина Битола**

1. Општина Битола објавува јавен повик за избор на правно лице за преземање и поништување на документарен материјал, за кој Општина Битола има добиено согласност за поништување од Државен архив – Подрачно одделение Битола за период од три (3) години.
2. Право на учество на јавниот повик имаат сите правни лица кои поседуваат важечка соодветна дозвола согласно Законот за управување со отпадот, издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање и кои ги исполнуваат другите критериуми и услови утврдени во документацијата за јавниот повик.
3. Избраното правно лице на јавниот повик ќе има обврска да ангажира лица и превозни средства за преземање на селектираниот документарен материјал за поништување од просториите на Општина Битола и истиот да го транспортира до локацијата каде што ќе го поништи, по што ќе има обврска на Општина Битола да и издаде потврда за преземениот и поништениот документарен материјал.
4. Документацијата за јавниот повик може да се подигне секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот на шалтер број 1 во Општина Битола.
5. Подетални информации за јавниот повик и потребната документација за јавниот повик можат да се добијат на телефонскиот број 047/208-319.
6. Крајниот рок за поднесување на понудите е 27.09.2024 година до 15:00 часот.

**ОПШТИНА БИТОЛА**
Комисија за спроведување на постапката за
избор на правно лице за преземање и поништување на
документарен материјал